Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 01-91/1
Охрид, 27.1.2022 год.

Врз основа член 94 од Законот за високото образвоние („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и 197/2021) во врска со член 24 став 1 и став 2 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 122/20), Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, на седницата одржана на ден 27.01.2022 година донесе

УПАТСТВО
За начинот на водење на евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид

Општи одредби

Точка 1

Со ова упатство се пропишува начинот на водењето евиденција за пренесување медиуми-носители на лични податоци надвор од работните простории на Универзитетот за инфорамтички науки и технологии „Св Апостол Павле" Охрид (во понатамошниот текст: Универзитетот), односно примање на медиуми — носители на лични податоци во работните простории на Универзитетот.

I. **Начин на водење евиденција за пренесување медиуми — носители на лични податоци надвор од работните простории на Универзитетот односно примање на медиуми — носители на лични податоци во работните простории на Универзитетот**

Точка 2

Универзитетот воспоставува систем за евидентирање на медиумите кои се носители на лични податоци, а кои се примаат односно испраКаат од страна на Универзитетот надвор од нејзините работни простории.

Евиденцијата на медиумите носители на лични податоци кои се примаат односно испраКаат од страна на Универзитетот ги содржи следните податоци и тоа:

- видот на медиумот носител на лични податоци кој е примен/испратен од страна на Универзитетот;
- датум и време на прием/испраќање на медиумот;
- субјект на кого му се испраќа односно од кој се прима медиумот носител на лични податоци;
- бројот на медиуми кои се примени/испратени;
- вид на документ кој е снимен на медиумот;

- начин на примање/испраќање на медиумот, и
- име и презиме на лицето овластено за прием/испраКање на медиумот.

Евиденцијата од став 1 од овој член се врши на образец даден во прилог на ова Упатство (Прилог 1), кој е негов составен дел.

Пренесување на медиуми носители на лични податоци, надвор од работните простории на Универзитетот се врши само врз основа на овластување дадено од страна на ректорот на Универзитетот.

При пренесувањето на медиуми кои се носители на лични податоци, надвор од работните простории на Универзитетот, се преземаат сите неопходни мерки за да се спречи неовластено обработување на личните податоци снимени на нив.

Завршни одредби

Точка 3

Ова Упатство влегува во сила по објавување во Универзитетски билтен и веб страната на Универзитетот.

Претседател на Универзитетски сенат
Вонр. проф. д-р Атанас Христов, с.р.

ЕВИДЕНЦИЈА

За пренесување на медиуми – носители на лични податоци надвор од работните простории на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле” Охрид

Бр.	Вид на медиум, носител на лични податоци кој е примен во/испратен од страна на Универзитетот	Датум и време на прием/испраќање на медиумот од страна на Универзитетот	Субјект на кого му се испраќа/од кој се прима медиумот, носител на лични податоци	Број на медиуми кои се примени/ испратени	Вид на документ кој е снимен на медиумот	Начин на примање/ испраќање на медиумот	Име и презиме на лице овластено за прием/испраќање на медиумот
1.							
2.							
3.							
4.							
5.							
6.							
7.							
8.							
9.							
10.							
11.							
12.							
13.							
14.							